**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-498/2**

# З А П И С Н И К

**Од 51-ва седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 25.01.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,м-рРисте Панов,Ивана Трајковска, Снежана Клинчарова ,Селпин Керим и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски-Директор на МРТ, Арун Ибраими-заменик директор на МРТ,Горан Атанасов- Директор на заеднички функции и администрација.

Седницата започна во 10:05 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записниците од 48-ма,49-та и 50-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ.

**2.**Разгледување и усвојување на Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и Заменик на Директорот на МРТ.

**3.**Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на записниците од 48-ма,49-та и 50-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 48-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По записникот имаше забелешка од членот Снежана Клинчарова која бше нотирана во запсиникот.

Како таков Записникот од 48-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 48-ма седница на Програмскиот совет на МРТ со забелешките.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 49-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

Записникот од 49-та седница на Програмскиот Совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 49-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 50-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

Записникот од 50-та седница на Програмскиот Совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 50-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 2:**Разгледување и усвојување на Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ.**

Претседателката пред присутните ја прочита доставената Педлог Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ и ја објасни законската рамка во делот кога завршува мандатот на Дитркторите како и целокупната процедура и постапка која треба да се превземе од страна на Програмскиот совет и вработените во службите понатака за успешно организирање на избор на Директор на МРТ и негов заменик.

Врз основа на член 130, став 7, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17),и член 61 од Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија, Програмскиот совет на МРТ на својата 51-ва седница одржана на ден 25.01.2018 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распишување на јавен конкурс**
**за избор на Директор на МРТ и**
**заменик на Директорот на МРТ**

**I.** Да се распише конкурс за избор на Директор на МРТ и Заменик на Директорот на МРТ, според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

**II.** Директорот на МРТ и Заменикот на директорот на МРТ се избираат за период од 3 (три) години со можност за повторен последователен избор.

**III.** Кандидатите што ќе се пријават треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се државјани на Република Македонија;
- да имаат високо образование;
- да поднесат Програма за работа на МРТ за период од три години;
- да имаат над пет години работно искуство во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото.

**IV.** Кандидатите на јавниот конкурс со пријавата треба да доставaт:
- Уверение за државјанство:
- Програма за работа на МРТ за период од три години;
- Диплома за завршено високо образование;

- Кратка биографија;
- Потврда за пет години работно искуство во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото.

**V.** Кандидатите на јавниот конкурс кон пријавата и соодветните докази за исполнување на бараните услови во еден плик, доставуваат и Програма за работа на МРТ за период од три години во друг плик, потпишан со шифра чие дешифрирање е во првиот плик.

Пријавата и програмата за работа се доставуваат во пликови А3 формат со назнака: "За конкурс за избор на Директор на МРТ", односно "За конкурс за избор на Заменик на Директорот на МРТ".

**VI.** Конкурсот да се објави на програмите на МРТ и ВЕБ страницата на МРТ и во најмалку два дневни весници во РМ од кои еден на македонски јазик и еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

**VII.** Конкурсот трае 15 дена сметано од денот на објавувањето во дневниот печат.

Пријавата со потребните документи се доставуват во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот, во затворен плик со назнака:
" За учество на конкурсот за избор на "Директор на МРТ " односно " За учество на конкурс за избор на Заменик на Директорот на МРТ"
на следнава адреса:
**ЈРП Македонска Радио Телевизија**
**бул. " Гоце Делчев" бр.18 Скопје**

По расправата Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ беше ставена на гласање.

■ **Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.
Со заклучок истиот да биде објавен во најмалку два дневни веснци, како и на програмите на МТВ и на ВЕБ страната на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разно**
Членот на Програмскиот совет Снежана Клиначорва го прочита пред присутните и даде свое видување на Соопштението на ЗНМ објавено на 05.01.2018 г. кое се уште стои на нивната ВЕБ страница,а е посветено на кадровските промени во Програмскиот совет на МРТ,и притоа истакна дека истото е неточно, непрецизно, тенденциозно, навредувачко и лажно и не ја одразува вистината за текот на случувањата на последните две седници ( 48 и 50 ) одржани пред нова година.
Потоа Клинчарова ја прочита објавената информација од ЗНМ:
,,Програмскиот совет на Македонската Радиотелевизија избра нов претседател. На последната седница пред новогодишните празници Советот ја разреши досегашната претседателка Снежана Клинчарова, а на нејзино место ја избраа Смилка Јанеска-Саркањац. Професорката на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) Јанеска-Саркањац е член на Советот предложена од интеруниверзитетската конференција.
По изборот на Саркањац, досегашната претседателка Клинчарова во знак на револт усмено најавила оставка од членството во Програмскиот совет.

На истата седница е разрешен и досегашниот заменик претседател на Советот Агим Лека, а на негово место е избран членот на Советот предложен од ЗНМ, главниот и одговорен уредник на дневниот весник Коха, Ведат Мемедалиу.,,
Станува збор за намерно искривување на вистината што е срамно за еден главен и одговорен уредник на дневен весник притоа и претставник на ЗНМ во Програмскиот совет. Со денешното усвојување на записниците од 48 и 50 – та седница потврдено е дека не сум разрешена, туку дека поднесов двојна оставка, а на наредната седница ја повлеков оставката од член. Од каде е тогаш произлезена измислицата дека по изборот на Саркањац, во знак на револт усмено сум најавила оставка од членство во Програмскиот совет.
Затоа барам, Здружението кое со право ќе го наречам ,,Здружение за лаги и измами,, најитно да си ја корегира информацијата, која патем има и граматичка грешка, од 05.01.2018 г. Во спротивно, на новиот заменик на советот и претставник на ЗНМ односно ЗЛИ, од кого е произлезена лажнава информација, му забранувам да ми се обраќа и да ме споменува во каков било контекст. И тој и неговото здружение.
Членот Ведат Мемедалија по ова истакна дека се сложува за тоа дека соопштението е погрешно напишано и дека треба да се корегира, но дека него никој не може да му забрани да му се обраќа тука бидејќи ова е јавна седница на Програмски совет,а дека ЗНМ ќе се извини јавно за пропустот кој го направиле со соопштението.

Седницата заврши во 11:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател